Врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика* (“Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13 јули 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на барање за промена на категорија на приклучок**

1. Се одобрува барањето на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр.12-1513/1 од 2 јули 2020 година за промена на категорија на приклучок на потрошувачот Друштво за производство, трговија и транспорт ФРИГОБОКС ДООЕЛ увоз-извоз с.Боговиње, Боговиње со ЕДБ 4028003133350 и тоа:
   - место на потрошувачка бр. 118287081701153,
   - адреса на мерно место: с.Жеровјане,
   - постоечка категорија на приклучок: LV2,
   - нова категорија на приклучок: LV1.2,
   - напонско ниво на мерење: низок напон и
   - локација на мерење: низок напон посебен извод до ТС.

2. Се задолжува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да ја ажурира листата од член 93 став (3) точка 5) од Законот за енергетика* за промената на категорија на приклучок од LV2 во LV1.2 на потрошувачот Друштво за производство, трговија и транспорт ФРИГОБОКС ДООЕЛ увоз-извоз с.Боговиње, Боговиње и посебно да ја наведе причината за промена на категоријата на приклучокот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика*, достави до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија Барање за одобрување на промена на категорија на приклучок бр. 12-1513/1 од 2 јули 2020 година.

Барањето се однесува на промена на категорија на приклучок од LV2 во LV1.2 на потрошувачот Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги Друштво за производство, трговија и транспорт ФРИГОБОКС ДООЕЛ увоз-извоз с.Боговиње, Боговиње, место на потрошувачка бр. 118287081701153 и адреса на мерно место с.Жеровјане.

Барањето е поднесено како резултат на планирана дислокација на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, како оператор на електродистрибутивен систем, со која мерното место ќе се дислоцира од објектот на корисникот и ќе се постави до трафостаница на самостоен извод наменет само за корисникот. Со тоа потребно е да се промени категоријата на приклучок за ова мерно место од LV2 во LV1.2. Во прилог на барањето Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје достави фотографија од мерното место, ГИС подлога и информација дека мерното место не е во постапка на промена на снабдувач.

Имајќи го во предвид горенаведеното, како и член 4 став (2) точка 4) од Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија на потрошувачите приклучени на електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (“Службен весник на

Република Македонија” бр. 95/19) согласно кој, во категоријата LV1.2 припаѓаат нисконапонски приклучоци преку кои електричната енергија се презема директно од нисконапонски собирници во трансформаторските станици на среден напон/низок напон, при што мерењето на испорачаната електрична енергија може да биде и на објектот на потрошувачот, доколку на изводот нема приклучено друг потрошувач, а преземената електрична енергија не е наменета за јавно осветление, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-1513/2**
**13 јули 2020 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**